РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1222/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1658/1 од 30.05.2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што веќе има постапено по пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1658/1 од 30.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 30.05.2025 година е доставена пријава заведена со број 12-1658/1, во која се изразува незадоволство од донесени Одлуки од страна на Основниот суд ----- и -------, како и од работата на извршител во постапка во која подносителот се јавува како должник. Кон овој предмет е споен и предметот со број 12-1670/1 од 30.05.2025 година.

Во пријавата подносителот изразува сомневање за незаконско работење на судии кои постапувале во предметите во кои подносителот е странка и во кои се одлучувало за недвижен имот – поранешна сопственост на лицето ---------, кој според подносителот преку измама бил искористен така што станал предмет на товар – хипотека, а последователно на тоа и на постапка за извршување преку извршителот --------- за кој подносителот исто така има сомневање во неговото законито постапување.
Од содржината на пријавата, исто така, произлегува дека спорот за предметниот недвижен имот произлегол од договор за купопродажба склучен во 1993 година кој, како што

наведува подносителот не бил исполнет и по однос на кој со тужба барале да се утврди дека е ништовен.

Според приложената документација, а и како што наведува подносителот, судските постапки за предметниот недвижен имот се правосилно завршени и од страна на судовите од повисоките инстанци, што укажува на тоа дека подносителот ги искористил сите дозволени правни средства и дека во предметниот случај постапиле сите надлежни органи.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-1658/1 од 30.05.2025 година, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12-4082/1 од 30.11.2020 година и одлучено на продолжението на 49-та седница одржана на ден 09.06.2021 година на која има донесено одлука од своја надлежност, заведена под број 12-4082/3 од 29.06.2021 година.

Имајќи го предвид горенаведното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во врска со предметните наводи веќе има постапено и донесено одлука од нејзина надлежност, поради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата